З А П И С Н И К
од Деведесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 25 јули 2025 година

Скопје, јули 2025 година

З А П И С Н И К
од Деведесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 25 јули 2025 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 11 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Ален Деребан, заменик на министерот правда, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата учествуваа и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Игор Филков, министер за правда, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам и Горан Минчев, министер за јавна администрација.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за склучување на Договор за претворање на побарувањата во траен влог во Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост, со текст на Предлог - договор

2. Прашања и предлози

3. Информација за обезбедување на гориво за специјалните возила за гаснење на пожари на Дирекција за заштита и спасување

*
*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Договор за претворање на побарувањата во траен влог во Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост, со текст на Предлог – договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Предлог - договорот за претворање на побарувањата во траен влог во Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје, во државна сопственост.

2. Се овластува м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот за претворање на побарувањата во траен влог во Акционерското друштво.

<u>Точка 2</u>

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

<u>Точка 3</u>

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на гориво за специјалните возила за гаснење на пожари на Дирекција за заштита и спасување и притоа заклучи:

- Се задолжува Министерството за финансии да достави Одлука за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, во износ од 8.000.000,00 денари, како план на Дирекцијата за заштита и спасување за набавка на гориво.

Одлуката да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

*
*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:15 часот.